**Адвокат Персида Отовиќ Стојановска**
**Ул.Владимир Комаров бр.21/29 Скопје**
**e-mail: potovic@yahoo.com, potovich@gmail.com**
**моб. 071/238-446**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: / E pranuar: 18.11.22

| Орг. един. / Njësia. org. | Број / Numer | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
|---|---|---|---|
| | | | |

До
Комисијата за спречување и заштита од дискриминација
Ул. Даме Груев бр. 1
Скопје

**Од**
**Маргица Урумова од Велес** ,ул.Кукушка бр.58 Велес со ЕМБГ2508983485007
преку полн.адв. Персида Отовиќ-Стојановска од Скопје
ул.Владимир Комаров бр.21/29, Скопје
електронско сандаче: potovich@gmail.com

**Против:**
**1.Бенито Јошевски –Началник на СВР Битола**
**Ул„Киро Димитровски-Дандаро„ бб 7000**
**Битола**
**2. Никола Марковски-Инспектор во СВР Битола**
**Ул„Киро Димитровски-Дандаро„ бб 7000**
**Битола**

# П Р Е С Т А В К А

Подносителката Маргица Урумова од Велес е член на политичката партија Левица и советник во Советот на општина Велес.

**ДОКАЗ:**
1.Уверение бр.11-191/12 од 25.10.2021 година

На ден 2 Август 2022 година, подносителката Маргица Урумова од Велес била на прославата на Илинден на Мечкин Камен, заедно со одредена група на луѓе кои се истовремено и членови на политичката партија "Левица". Имено истите имале истакнато два транспарента, од кои на едниот транспарент имало испишано **"Предавници, фашисти, клети врховисти"**, а на другиот транспарент **"Стоп за бугаризација"**.

Од моментот на доаѓање на членовите на Левица на Мечкин Камен, и за време на целото нивно присутство во близина на Мечкин Камен, полицијата цело време знае каде се членовите на Левица и какви транспаренти носат. При влез во Крушево членовите на Левица се држени дваесет минути под изговор дека има гужва, а во меѓувреме се пропуштаа возила и автобуси за што има видео материјал како доказ. Тоа се искористува за да се почека да дојде полициско возило кое треба да ги прати членовите на Левица кај се движат.

Потоа, по автомобилите со кои членовите на Левица одат кон Мечкин Камен пуштено е гореспоменатото полициско возило кое цело време ги прати до паркингот за што има друг видео доказ.

Трето, по напуштањето на возилата, членовите на Левица постојано се следени од полицаец кој од паркингот до Мечкин Камен оди постојано по нив и кој стои во нивна близина, за што има видео и слика. Со други зборови,

**Адвокат Персида Отовиќ Стојановска**
**Ул.Владимир Комаров бр.21/29 Скопје**
**e-mail: potovic@yahoo.com, potovich@gmail.com**
**моб. 071/238-446**

началникот на СВР Битола, Бенито Јошевски, а и полицијата цело време знаат каде се членовите на Левица и какви транспаренти држат.

Имено до оваа група на луѓе на Мечкин Камен дошол инспекторот ПС Никола Марковски од СВР Битола кој кажал дека транспарентите мора да се тргнат затоа што претставувале говор на омраза и дека има наредба да се тргнат.

Но, самите активисти од групата му објаснувале на инспекторот дека тие го изразуваат своето право на практикување на слобода на мисла, право на јавно искажување на мисла, право мирно да се собираат за да изразат протест, права кои треба да ги ужива секој граѓанин без оглед на верска, политичка, расна или била каква припадност.

Во тој момент дошол началникот на СВР Битола, Бенито Јошевски, во својство на службено лице, и им ги одзема транспарентите од рацете на членовите на Левица, Маргица Урумова и Робе Божиновски. Овие транспаренти се насилно одземени и потоа му се предадени на полицискиот службеник Никола Марковски кој ги зема и со нив излезегува надвор од толпата.

**На прославата на Мечкин Камен присуствувале и друга група на луѓе (видно од самата снимка)кои очигледно биле во подршка на владините преставници, а на истите воопшто не им било попречувано нивното присуство на овој собир.**

Полициски службеници Бенито Јошевски и Никола Марковски требале да постапуваат во рамките на своите законски овластувања односно одржување на јавен ред и мир, како и да спречуваат вршење на кривични дела, а не да бидат дискриминатори поради политичка припадност.

Тие истите знаејќи ја својата позиција односно користејќи ја позицијата на овластени службени лица постапиле незаконски кон подносителката, а притоа знаејќи дека станува збор за член на политичката партија Левица.

Од нивна страна се постапува понеповолно односно дискриминаторски поради различно политичко уверување, затоа што од горе споменатото видео се гледа дека едниот транспарент се одзема од рацете на Робе Божиновски кој носи блуза на која има амблем на политичката партија Левица и на која со болдирани букви пишува Левица.

**ДОКАЗИ:**

2. Видео од 02.08.2022, од моментот кога началникот и инспекторот на СВР Битола, Бенито Јошевски и Никола Марковски ги одземаат транспарентите од активистите на Левица
3. Видео од 02.08.2022, од држењето на членовите на Левица на раскрсница во Крушево под изговор дека е гужва, а со вистинска цел да дојде полициско возило кое треба да ги следи до паркингот
4. Видео од 02.08.2022, од полициската следење на возилата на членовите на Левица на пат кон Мечкин Камен
5. Слика на која лево се гледа Маргица Урумова, како држи транспарент кој подоцна и е одземен, а десно од неа преку оградат полицаецот кој ги следи

членовите на Левица со шише вода во рака **( овие докази се снимени на USB кое Ви го доставувам во прилог)**

**Маргица Урумова од Велес Е ДИСКРИМИНИРАНА И СТАВЕНА ВО ПОНЕПОВОЛНА ПОЛОЖБА ВО ОДНОС НА ОСТАНАТИТЕ ГРАЃАНИ КОИ** присуствувале на овој настан а поради нејзината политичка припадност на ПП Левица како и групата на граѓани кои биле со неа.

**Согласно член 5 од ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА** *„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).“*

Согласно член 9 од Уставот на Р.Македонија„ **Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.**

**Согласно член 21 од Уставот на Р.Македонија** „Граѓаните имаат право мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест без претходно пријавување и без посебна дозвола. Користењето на ова право може да биде ограничено само во услови на воена и вонредна состојба.“

Од страна на политичката партија Левица поднесена е и Кривична пријава до ОЈО Прилеп против **Бенито Јошевски и Никола Марковски-двајцата од Битола за кривично дело „повреда на рамноправноста на граѓаните“ по чл.137 ст.2 од КЗ на РМ.**

**ДОКАЗ:**
6. Кривична пријава од 19.08.2022 година до ОЈО Прилеп

Со оваа преставка се обраќаме до Вас како надлежна Комисија со цел да постапите по истата, да утврдите согласно своите законски овластувања дали е вршена директна дискриминација поради политичка припадност или други околности врз подносителката Маргица Урумова од Велес имајќи во предвид дека постои компаративна ситуација на истиот настан и е постапено нееднакво кон подносителот на оваа преставка. Полициските службеници се должни да постапуваат согласно своите законски овластувања утврдени во Законот за полиција и Законот за внатрешни работи, како и да ги почитуваат правата на граѓаните загарантирани со Устав и **Закон за спречување и заштита од дискриминација,** но притоа не смее да врши било каков вид на дискриминација. Во конкретниов случај подносителката Маргица е ставена **во понеповолна ситуација во однос на останатите граѓани на прославувањето на Илинден на Мечкин Камен но кои не биле приврзаници кон политичката партија**

**Левица**. **Дискриминаторска основа** постои и тоа е политичката припадност како и политичките уверувања , а кои се несомнено насочени кон политичката партија Левица во овој настан.

**Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.**

Сметаме дека постојат доволно докази и факти од кои може да се утврди дека е сторена директната дискриминација од страна на **Бенито Јошевски Началник на СВР Битола и Никола Марковски-Инспектор во СВР Битола**, но истовремено Ви стоиме на располагање за дополнителни податоци и информации. Притоа Ве охрабруваме и бараме од Ваша страна да се обратите до Министерството за внатрешни работи и да побарате соодветни документи како и да ги погледнете снимките од овој настан. Со оваа преставка и предмет кој ќе биде отворен сакаме превентивно да влијаеме во спречување на директната дискриминација при практикување на правото на слобода на мислата како и правото на мирен собир на граѓаните за да изразат протест кои се уставно загарантирани права без оглед на национална, етничка или партиска припадност.

Со почит,

**Маргица Урумова**
**преку**
**Адвокат Персида Отовиќ-Стојановска**

Скопје, 17.11.2022 година

______________________

АДВОКАТ
ПЕРСИДА ОТОВИЌ-СТОЈАНОВСКА
Бр. на лиценца 4157
Тел. 071 238 446 - Скопје
e-mail: potovic@yahoo.com

АДВОКАТ
ПЕРСИДА ОТОВИЌ-СТОЈАНОВСКА
Бр. на лиценца 4157
Тел. 071 238 446 - Скопје
e-mail: potovic@yahoo.com

# ПОЛНОМОШНО

Јас,долупотпишаниот Маргица Урумова со ЕМБС 2508983485007 и со адреса на живеење ул.Кукушка бр.58 Велес

ја **ОВЛАСТУВАМ Персида Отовиќ Стојановска,** адвокат од Скопје со адреса на ул.“Фрањо Клуз“ бр.11 б/19, Скопје, да поднесе претставка до Комисија за спречување и заштита од дискриминација против [illegible] и [illegible], вработени [illegible]

Полномошното важи до неговото писмено отповикување или откажување.

Скопје, 01.11.2022 год.

**ВЛАСТОДАВАЧ**

Урумова

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**ВЕЛЕС**

Врз основа на член 37 став (4) точка 4) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), Општинската изборна комисија Велес издава

# УВЕРЕНИЕ

## ЗА ИЗБРАН СОВЕТНИК

Според резултатите од изборите за членови на советот на општина Велес, одржани на 17-ти октомври 2021 година, за член на Советот на општина Велес е избрана

**МАРГИЦА УРУМОВА**

Број 11-191/12
25.10.2021 година
Велес

М.П.

ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ВЕЛЕС
Претседател

А.Калцова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО
ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ
И КОРУПЦИЈА - СКОПЈЕ

| Примено: 19.08.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| | | | |

Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. ИП-205/22
19.07. 2022 год.
СКОПЈЕ

**ДО:**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА**

# КРИВИЧНА ПРИЈАВА

## *од страна на Политичката партија Левица – врз основа на член 274 од ЗКП*

**ПРОТИВ:**

1. **Бенито Јошевски – Началник на СВР Битола**
   **Службена адреса: ул. „Киро Димитровски – Дандаро" б.б., 7000 Битола**
   **тел: 047/218-111**

2. **Никола Марковски – Инспектор на територија на СВР Битола**
   **Службена адреса: ул. „Киро Димитровски – Дандаро" б.б., 7000**
   **тел: 047-218-111**

**ПОДНОСИТЕЛ:** **Политичка партија Левица**
**ул. „Мирослав Крлежа" бр. 20/1-12 – о. Центар, 1000 Скопје**
**ЕМБС: 7108192 | ЕДБ: 4044016512070**
**(застапувана од Претседателот – проф. д-р Димитар Апасиев)**

### I. *ПРАВЕН ОСНОВ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ*

Оваа Кривична пријава ја поднесуваме согласно чл. 273, ст.3 [„Пријавување кривични дела"] и чл. 274, ст.1 [„Поднесување на пријава"] од *Законот за кривична постапка* (Сл. весник на РМ –150150/2010 и 100/12, 142/16, 193/16, 198/18).

### II. *ФАКТИЧКИ ОПИС НА ДЕЛОТО*

На 2 Август 2022, на прославата на Илинден на Мечкин Камен, членови на политичката партија "Левица" истакнаа два транспарента. На едниот транспарент имаше напишано "Предавници, фашисти, клети врховисти", а на другиот транспарент "Стоп за бугаризација". Транспарентите беа наменети и насочени кон членовите на власта на Република Македонија, за кои имаше направено посебен коридор ограден со железна ограда, а низ кој поминаа со цел да стигнат до Мечкин Камен.

На тој начин членовите на Левица сакаа јавно да го искористат своето право на слобода на мислата, своето право јавно да ја изразат мислата и своето право мирно да се собираат за да изразат протест кои се нивни права согласно чл. 9, чл. 16 и чл. 21 од *Уставот на Република Македонија.*



Scanned with CamScanner

Согласно светската и македонска историја, фашизмот претставува термин со кој се етикетира некој режим, институција или поединец како репресивен, авторитарен, додека пак врховизмот и бугаризацијата по дефиниција го негираат македонското постоење и се непријатели и клетва на македонскиот народ кои на народот му носат само војна и поделба. Од тие причини овие пароли беа избрани да се упатат кон претставниците на власта, кои се појавија на Мечкин Камен, **со цел преку гореспоменатите уставно гарантирани права да се влијае врз нивното практикување на власта со цел да се одвратат од политики на бугаризација на Македонија и на политики на воскреснување на фашизмот во Македонија.**

Наместо тоа, прво до членовите на Левица доаѓа инспектор Никола Марковски од СВР Битола **кој кажува дека транспарентите мора да се тргнат затоа што претставувале говор на омраза и дека има наредба да се тргнат.** Активистите на Левица потоа му објаснуваат на полицаецот дека говорот на омраза по сите дефиниции е насочен кон маргинализирани социјални групи или нивни индивидуални припадници на кои поради тоа им треба заштита од државниот апарат. Активистите објаснуваат дека во случајов транспарентите не се насочени кон такви групи, ами се насочени токму кон носителите на државната власт кои во свои раце ја имаат сета моќ, го имаат државниот апарат и монополот на употреба на сила и затоа не може да станува збор за говор на омраза. Активистите објаснуваат дека туку станува збор за право на практикување на слобода на мисла, право на јавно искажување на мисла, право мирно да се собираат за да изразат протест, права кои он како претставник на државниот апарат е должен да им го овозможи, а не да им ги ускрати. Додека трае објаснувањето **се појавува началникот на СВР Битола, Бенито Јошевски, во својство на службено лице, и им ги одзема транспарентите од рацете на членовите на Левица, Маргица Урумова и Робе Божиновски. Потоа транспарентите му ги дава на инспекторот Никола Марковски кој ги зема и со нив излезегува надвор од толпата.** За ова имаме видео материјал како доказ.

Со тоа истите го **прекршија чл. 54, ст. 3 од *Уставот на Република Македонија*** кој забранува ограничување на слободата на мислата и на парвото за јавно изразување на мислата, како и **членовите 9, 16 и 21 од *Уставот на Република Македонија.***

**Истиото тоа го прават лукаво, безобразно и безобѕирно замајуваќи ги членовите на Левица со приказна за говор на омраза, со цел членовите на Левица да не се противат при одземањето на транспарентите.** Станува збор за инспектори кои знаат, на кои им е работа да знаат, дека доколу некој е фатен на лице место како извршува кривично дело, во случајов дело инспирирано од омраза (сите се гонат по службена должност) и кое има цел ширење на омраза, дело кое според нив е извршено и чие дејство на извршување се' уште трае, веднаш се должни да преземат низа службени дејствија, а не тоа да помине само



Scanned with CamScanner

со обично одземња на транспаренти. Но бидејќи не станува збор за такво дело, они одземањето на транспарентите го прават безобразно и безобѕирно корситејќи ја приказната за говор на омраза со цел да ги замајуваат и дефокусираат членовите на Левица, а тоа со цел истите да не се противат при одземањето на транспарентите, што се покажува на дело од началникот на СВР Битола, Бенито Јошевски и инспекторот Никола Марковски.

Дополнително, ова го прават знаејќи дека станува збор за активисти на политичка партија, од политичката партија Левица, односно **го прават врз основ на разлика во политичкото уверување**, затоа што од гореспоменатото видео се гледа дека едниот транспарент се одзема од рацете на Робе Божиновски **кој носи блуза на која има амблем на политичката партија Левица и на која со болдирани букви пишува Левица.**

Дополнително уште од моментот на доаѓање на членовите на Левица на Мечкин Камен, и за време на целото нивно присутство во близина на Мечкин Камен, полицијата цело време знае каде се членовите на Левица и какви транспаренти носат. Тоа го знаат од три причини.

Прво, при влез во Крушево членовите на Левица се држени дваесет минути под изговор дека има гужва, а во меѓувреме се пропуштаа возила и автобуси за што има видео материјал како доказ. Тоа се искористува за да се почека да дојде полициско возило кое треба да ги прати членовите на Левица кај се движат.

Второ, потоа, по автомобилите со кои членовите на Левица одат кон Мчекин Камен пуштено е гореспоменатото полициско возило кое цело време ги прати до паркингот за што има друг видео доказ.

Трето, по напуштањето на возилата, членовите на Левица постојано се следени од полицаец кој од паркингот до Мечкин Камен оди постојано по нив и кој стои во нивна близина, ги дужи, за што има видео и слика.

Со други зборови, началникот на СВР Битола, Бенито Јошевски, а и полицијата цело време знааат каде се членовите на Левица и какви транспаренти држат.

Доказ 1: *Видео од 02.08.2022, од моментот кога началникот и инспекторот на СВР Битола, Бенито Јошевски и Никола Марковски ги одземаат транспарентите од активистите на Левица*

Доказ 2: *Видео од 02.08.2022, од држењето на членовите на Левица на раскрсница во Крушево под изговор дека е гужва, а со вистинска цел да дојде полициско возило кое треба да ги следи до паркингот*

Доказ 3: *Видео од 02.08.2022, од полициската следење на возилата на членовите на Левица на пат кон Мечкин Камен*

Доказ 4: *Видео од 02.08.2022, од полицаецот кој ги следи членовите на Левица кога пешачат кон Мечкин Камен. На видеото полицаецот во еден момент зема вода*



Scanned with CamScanner

Доказ 5: *Слика на која лево се гледа Маргица Урумова, како држи транспарент кој подоцна и е одземен, а десно од неа преку оградат полицаецот кој ги следи членовите на Левица со шише вода во рака*

Доказ 6: *Слика од 02.08.2022, на која, четврти од лево кон десно во прв ред, се гледа Робе Божиновски од кој е одземен едниот транспарент, а на која се гледа дека носи блуза на која има амблем Левица и на која со болдирани букви пишува Левица. Сликата е објавена и на ФБ профилот на Левица – Велес на 02.08.2022 во 16:40 часот*

Доказ 7: *Сослушување на сведокот-очевидец Маргица Урумова*

Доказ 8: *Распит на пријавените*

## III. *ДЕЛА ПРОТИВ СЛОБОДИТЕ И ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ*

Со ваквото нивно умислено, безобразно, безобѕирно, дрско, неетичко и инкриминирано комисивно противправно дејствие (acta humanailicita), во целост се исполнети условите за кривичен прогон по службена должност (ex officio) за сторено тешко кривично дело **„Повреда на рамноправноста на граѓаните"** по чл. 137, **ст. 2** од консолидираниот, т.е. Пречистениоттекст на *Кривичниот законик на РМ* (Сл. весникна РМ бр. 37/1996 и 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14,132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18) – сместено во Глава XV од Посебниот дел на КЗРМ– сместено во Глава XV од Посебниот дел на КЗРМ, кој ги инкриминира *Кривичните дела против слободите и правата на човекот и граѓанинот.*

## IV. *ОБЈЕКТ НА ЗАШТИТА*

По својата казненоправна природа, ова кривично дело спаѓа во група на дела **против слободите и правата на човекот и граѓанинот.**

Објект на заштита на ова дело е *еднаквоста* на слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Според Уставот (чл. 9), граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расаата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Уставот го забранува (чл. 54) дискриминаторското ограничување на слободите и правата по некој од наведените основи.

## V. *БИТИЕ НА ДЕЛОТО*

**а) Објективно битие** – според законскиот опис in concreto, делото го врши тој што врз основа на разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното и



Scanned with CamScanner

социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба, јазикот или друго лично својство или околност, ќе му одземе или ограничи права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор или кој врз основа на овие разлики им дава на граѓаните повластици спротивни на Уставот, закон или ратификуван меѓународен договор.

**Делото има и свој потежок облик, а тоа е доколку делото биде извршено од службено лице.**

Според дејствието на извршување постојат три облици на делото:

(1) *Одземање на права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор* – Одземањето е оневозможување на граѓанин или повеќе граѓани, врз основа на споменатите основи, да ги остваруваат совите права.

(2) *Ограничување на права на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, закон или со ратификуван меѓународен договор* – Ограничувањето значи стеснување на обемот на користење на определено право.

(3) *Давање повластици* – Давањето повластици е секое дејствие со кое граѓанинот се доведува во привилегирана позиција во однос на другите граѓани во користењето на определени права.

Пријавените, **во својство на службени лица,** со одземњаето на транспарентите на активистите на Левица, врз основа на разлики во политичкото уверување, им ги одзедоа уставно гарантираните права на слобода на мисла, правото на јавно изразување на мисла и правото мирно да се собираат и да изразуваат јавен протест.

**б) Субјективно битие**– за одговорност за делото се бара тоа да е сторено со *умисла* [dolus]:

(1) *директна* или, пак,

(2) *индиректна.*

***

Предвид погоре изнесеното, а поради постоење поголем степен на основано сомневање дека пријавените свесно и злонамерно сториле **кривично дело кое се гони ex officio**, до Вас – како орган надлежен за гонење на кривични дела по службена должност– ја доставуваме оваа издржана кривична пријава, поткрепена со докази, со полна верба дека ќе постапите по истата bona fide и, согласно Вашите должности и надлежности во предистражна и истражна постапка, предвидени со *Законот за кривичната постапка*истата понатаму судски ќе ја процесуирате, а нас – како подносители – повратно писмено ќе нè известите.



Scanned with CamScanner

Сметаме дека во целост се исполнети сите таксативно наведени законски услови за кривичен прогон за конкретното сериозно кривично дело – по принципот *numerus clasusus* – па за таа цел, во прилог Ви доставуваме и **Листа со предлог-докази**, нумерирани според редните броеви дадени погоре во текстот, од кои јасно се утврдува дека пријавените се сторители на посоченото кривично дело од КЗ.

НАПОМЕНА: Заради целосно расветлување на овој кривично-правен настан, предлагаме да се изврши **распит на пријавените**, а може да се повикатт и Маргица Урумова и Робе Божиновски од чии раце беа одземени транспарентите. Дополнително ја задржуваме можноста да ја прошириме кривичната пријава и против други службени лица.

## П Р И Л О З И:

1. *Тековна состојба за ПП Левица*
2. *Видео од 02.08.2022, од моментот кога началникот и инспекторот на СВР Битола, Бенито Јошевски и Никола Марковски ги одземаат транспарентите од активистите на Левица*
3. *Видео од 02.08.2022, од држењето на членовите на Левица на раскрсница во Крушево под изговор дека е гужва, а со вистинска цел да дојде полициско возило кое треба да ги следи до паркингот*
4. *Видео од 02.08.2022, од полициската следење на возилата на членовите на Левица на пат кон Мечкин Камен*
5. *Видео од 02.08.2022, од полицаецот кој ги следи членовите на Левица кога пешачат кон Мечкин Камен. На видеото полицаецот во еден момент зема вода*
6. *Слика на која лево се гледа Маргица Урумова, како држи транспарент кој подоцна и е одземен, а десно од неа преку оградат полицаецот кој ги следи членовите на Левица со шише вода во рака*
7. *Слика од 02.08.2022, на која, четврти од лево кон десно во прв ред, се гледа Робе Божиновски од кој е одземен едниот транспарент, а на која се гледа дека носи блуза на која има амблем Левица и на која со болдирани букви пишува Левица. Сликата е објавена и на ФБ профилот на Левица – Велес на 02.08.2022 во 16:40 часот*

С к о п ј е
19.08.2022

***П р и ј а в у в а ч:***
ПП ЛЕВИЦА

**Застапник по закон:**
*проф. д-р Димитар Апасиев*
*(Пратеник во Собранието на РМ)*

ЛЕВИЦА



Scanned with CamScanner

15 ПРК-О-903/22

Р.

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,** преку судијата Јане Тапанџиоски, со записничар Елена Андреевска, решавајќи во прекршочниот предмет по барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од РСМ Комисија за спречување и заштита од дискриминација- Скопје бр. 08-93/2 од 24.08.2022 година, против Марјан Стаменковски за прекршок предвиден и казнив по чл. 9.в.в.чл. 10 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 86 ст. 2 од Законот за прекршоците, на ден 21.10.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од РСМ Комисија за спречување и заштита од дискриминација- Скопје бр. 08-93/2 од 24.08.2022 година, против Марјан Стаменковски од Скопје за прекршок предвиден и казнив по чл. 9.в.в.чл. 10 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, **СЕ ОТФРЛА** согласно чл. 84 ст. 1 т. 1 в.в. чл. 86 ст.2 од Законот за прекршоците.

**О б р а з л о ж е н и е**

Постапувајќи по барањето на РСМ Комисија за спречување и заштита од дискриминација- Скопје бр. 08-93/2 од 24.08.2022 година, против Марјан Стаменковски од Скопје за прекршок предвиден и казнив чл. 9.в.в.чл. 10 ст. 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација .

Судот по увидот од барањето утврди дека барањето не ги содржи елементите од чл. 84 ст. 1 т. 1 од Законот за прекршоци односно не содржеше фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на истиот, време и место на извршување на прекршокот и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот и доказите што треба да се изведат- во конкретниот случај ЕМБГ, датум и место на раѓање за обвинетиот и уште 1 (еден) примерок од барањето, па судот побара дополнение на барањето во рок од 8 дена, од денот на приемот на барањето за дополнување и подносителот на барањето не го дополни барањето во дадениот рок од судот.

Бидејки во наведениот рок подносителот не ги отстрани недостатоците на барањето, се одлучи како во изреката на ова решение, согласно чл. 84 ст. 1 т. 1 в.в. чл. 86 ст. 2 од Законот за прекршоците.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**15 ПРК-О-903/22 од 21.10.2022 година**

Записничар,
Елена Андреевска с.р

Судија,
Јане Тапанџиоски с.р.

**ПОУКА:** Жалба е дозволена во рок од 8 дена преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

Д.Н.
- подносител

Верно со оргиналот тврди: